РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
број: 11-1388/1
од 09.06.2014 год.

*Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и јавни дејности*

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 164/12 и 93/13), Општината Богданци, на ден 05.06.2014 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Проект за инфраструктура за локален пат Грчиште-Ѓавато, КО Грчиште во општина Валандово и КО Ѓавато општина Богданци потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Проект за инфраструктура за локален пат Грчиште-Ѓавато, КО Грчиште во општина Валандово и КО Ѓавато општина Богданци, се определуваат следните: општина Валандово, општина Богданци, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за економија, Министерство за култура, ЕВН, МЕПСО, невладини организации, сопственици на земјиште во рамките на планскиот опфат на проектот за инфраструктура и други.

3. За планскиот документ Проект за инфраструктура за локален пат Грчиште-Ѓавато, КО Грчиште во општина Валандово и КО Ѓавато општина Богданци, за чија изработка е одговорно ТЕКТОН ДООЕЛ - СКОПЈЕ, а го донесува општина Валандово и општина Богданци, врз основа на иницијатива на Центарот за развој на Југоистичниот плански регион. Проектот за инфраструктура за локален пат Грчиште-Ѓавато, КО Грчиште во општина Валандово и КО Ѓавато општина Богданци ќе има влијанија врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален, градежен и опасен отпад, влијание врз

амбиентниот воздух и влијание врз биодиверзитетот, влијание врз имоти на лица и влијание врз здравјето на луѓето.

5. Одлуката, заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена, се објавува на веб страните на општина Богданци на следната веб адреса/и: http://www.bogdanci.gov.mk/ општина Валандово http://www.valandovo.gov.mk/

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Градоначалник на општина Богданци**

Анастасија Олумчева

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Градоначалник ОПШТИНА БОГДАНЦИ